**Веле Смилевски**

## ПЕСНА ЗА ПЕСНИТЕ

Кога Зевс излегол од пештерата
и завладеал со Земјата и Небото
ја открил смислата на борбата
за височини.

Со молњи и громови
ја започнал песната за песните.

Тогаш, долу, во низините,
во полето осветлено,
сенките биле препознатливи.
Со закана во очите
клечеле под тешката рака на Зевс.

А тој продолжил да се бори
против злите сили.

Со молњи и громови
Ја создал песната за песните.

Тогаш се отворило Небото
за да ја проголта Земјата
и да ја спаси, подарувајќи ја на Бога,
и да остане само песната
недопирлива и вечна.

Громогласна и блескотна
Песна за песните.

# БИОГРАФИЈА

**Веле Смилевски** е роден на 6 мај 1949 г. во Ново Село, Демирхисарско. Основно и средно образование завршил во Битола. Дипломирал на Филолошкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. На истиот универзитет магистрирал и докторирал. Бил новинар во „Нова Македонија“, Радио Скопје и уредник во издавачката куќа „Мисла“ од Скопје.

Во периодот од 1889-1990, бил на едногодишен студиски престој на Универзитетот „Ломоносов“ во Москва. Од 1994-1997 бил лектор по македонски јазик и литература на Карловиот универзитет во Прага. Бил акредитиран новинар на Македонското радио, дописник од Прага (1994-1997). Работи како научен советник во Институтот за македонска литература и е доцент на Студиите по новинарство на Правниот факултет во Скопје. Бил претседател на Советот на Струшките вечери на поезијата и секретар за меѓународна соработка на ДПМ. Член е на ДПМ од 1972 година.Член е на Македонскиот ПЕН центар.

Автор е на следните книги:

Стихозбирки: *Слика што согорува* (1974), *Кафез* (1978), *Диши длабоко* (1985), *Одзив на здивот* (1987), *Подвижни точки* 91990), *Гребнатинки* (1995), *Педесет песни* (2000).

Критичко-есеистички и научни дела: *Крстопати на зборот* (1987), *Критички нотес* (1988), *Книжевни посланија* (1991), *Процеси и дела* (1992), *Аспекти на македонската литература 1945-1985* (докторска дисертација, 1993), *Фокусирања* (1999), *Аспекти на новинарската теорија и практика – Жанрови* (1999), *Литературни студии* (2000).

Приредувач е на антологијата во пет тома *Македонската книжевност во книжевната критика* (коавтор, 1974), *Македонска поезија XX век* (1989), *Македонскиот расказ* (1990). Коавтор е на публикацијата *Литературен преглед*, во шест изданија, (1980-1985). Учествувал во составувањето на библиографскиот зборник на Друштвото на писателите на Македонија, *Македонски писатели* (1987) и второто проширено и дополнето издание *Македонски писатели* (2000).

Добитник е на наградите: „13 Ноември“, „Крсте Мисирков“, „Млад борец“.